РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение
Бр. 01-3663/1
03.07 20 19 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 184 став 1 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19 и член 13 став 1 алинеја 1 од Статутот на **Јавната Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение**, Управниот одбор на Јавната Установа на седницата одржана на ден_____ година, донесе:

С Т А Т У Т

на Јавна Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут во Јавната Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблемии нарушено поведение (во натамошниот текст: Установата), се уредуваат фирмата и седиштето на установата, нејзината организација, дејноста, управувањето и раководењето, застапувањето, општите акти и постапката за нивно донесување и изменакакои други прашања од значење за работата на Установата.

Член 2

Името на Установата гласи:**„Јавна установа за згрижување деца со воспитно – социјални проблеми и нарушено поведение"**

Седиштето на Установата е на ул."Петар Манџуков" бб - Скопје.

Член 3

Установата е основана од страна на Народниот Одбор на град Скопје со решение бр. 23243 од 19.09.1957 година запишана во регистарот на Окружниот стопански суд – Скопје под бр. 439 страна 717 свеска 2 од 30.06.1966 година, како Прифатилиште за деца и младинци.
Заради усогласување со ЗЗТ со решение бр. 2057/78, со број на регистрирана влошка 1-50-0-0-0 во регистарски суд Скопје, го промени називот во Работна организација за згрижување и воспитување на деца и младинци " 25 Мај" – Скопје.
Во согласност со Одлуката за утврдување на мрежа на Јавните Установи за социјална заштита бр. 19-5681/1 од 18.11.2008 година(Сл.Весник на Р.М 147/08), а врз основа на Законот за социјална заштита, Установата продолжува да работи како ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО – СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ – СКОПЈЕ
Согласно Одлуката за утврдување на мрежата на јавните установи за социјална заштита бр. 41-2743/1 донесена од Владата на Република Македонија на 1.05.2013 година (Службен весник на Република Македонија бр.67/13), Установата продолжува да работи како јавна установа за социјална заштита со следниов називЈАВНА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО – СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ – СКОПЈЕ
Во согласност со Одлука за проширување на дејноста на Установата со бр. 42-9181/1 донесена од Владата на Република Македонија на ден 11.11.2014 година (Сл.весник на Република Македонија бр.169/2014) Јавната Установа продолжува да работи како ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА СО ВОСПИТНО – СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И НАРУШЕНО ПОВЕДЕНИЕ.
Со почеток од 27.07.2018 година, јавната установа го започна процесот на деинституционализација, со деинституционализирање на Службата за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми, а како резултат на претходното, децата од објектот или седиштето на установата се преселпосебни единици на територија на град Скопје.

Член 4

Во правниот промет со трети лица Установата истапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се користи-целосна одговорност.

Член 5

Печатот и штембилот на Установата се со пропишана форма и големина.

Печатот има форма на круг, во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија. а во вториот концентричен круг се испишани називот и седиштето на државниот орган.

Големината на печатот кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, е со пречник од 32 мм или 40 мм.

Печатот се изработува од гума, пластика или друг соодветн материја

Штембилот е во правоаголна форма, го содржи името на Република Северна Македонија, називот на државниот орган и неговото седиште, кои се испишуваат хоризонтално, едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на бројот на актот, на други писмена или датум на негово издавање.

Големината на штембилот кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо,името на Република Северна Македонија, е со димензии 65х 40 мм

Установата може да има по потреба повеќе штембили со иста содржина.

Член 6

Со печатот и штембилот располага и го употребува директорот или лице овластено од Директорот.

2. ДЕЈНОСТ НА УСТАНОВАТА

Член 7

Надлежноста и дејноста на Јавната установа се утврдени со Законот за социјална заштита.

Член 8

Сместување воУстановата опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24 – часовна помош и подршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, на кој од разни причини му е потребна вон семејна заштита.

Услугата за сместување во установата за деца обезбедува пристап до образование, стекнување животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услуги.

Услугата за сместување на деца во судир со Законот на возраст од 14 до 18 години со изречена мерка упатување во воспитна установа, согласно прописите од областа за извршување на санкции и упатување во соодветна установа согласно Закон, освен основната заштита дефинирана во став 1 од овој член, опфаќа и ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна поддршка, организирано минување на слободното време и други услуги за ресоцијализација.

Установата врши краткотрајно сместување на деца од улица, за период од најмногу 7 (седум) дена, во рамки на Служба формирана во установата за конкретната намена. Сместувањето во оваа Служба го вршат надлежни органи.

Установата, во согласност со Законот за правда на децата врши прифаќање и краткотрајно сместување на малолетници упатени на извршување на мерка "**Упатување во центар за**

малолетници“ изречена од надлежен суд и ќе спроведува соодветни краткотрајни мерки со кои се врши влијание врз личноста и поведението на малолетникот.

Установата организира и спроведува основно образование за малолетниците со нарушено поведение во несамостојно Основно училиште во рамки на Установа од социјална заштита, воспоставено во Одделението за спроведување на наставно – образовна дејност.

Дејноста на основното училиште е верифицирана со Решение бр. 11-18454/6-14 од 11.02.2015 година, донесено од Министерството за образование и наука.

3.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Член 9

Организацијата на работата и вршењето на дејноста на Установата е поставена на следниот начин:

- **Оддел за административни и помошно технички работи**
  Дел за административни
  Дза помошно технички работи

- **Служба за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми**
  - **Оддел 1**
  - **Оддел 2**
  - **Оддел 3**
  - **Оддел4**
  - **Оддел 5**

- **Служба – Прифатен центар за деца од улица**

- **Служба за заедничко живеење на деца со нарушено поведение**
  - **Оддел - 1**
  - **Оддел - 2**

- **Служба за вршење на наставно образовна дејност за деца со нарушено поведение**

Службите и одделитево установата, работата може да ја организираат вообезбеден простор надвор од седиштето на установата.

4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

4.1.Орган на управување

Член 10

Орган на управување во Установата е Управниот одбор.

Во јавната установа за вон-семејна социјална заштита управниот одбор е составен од5 (пет) члена именувани од основачот од кои двајца членови се од редот на стручните работници во установата и еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајцачленови се претставници на основачот. Членовите на управните одбори во установата треба да имаат соодветно образование согласно член 194 од Законот за социјална заштита и најмалку две години работно искуство по дипломирањето.

Членовите на Управниот одбор се избираат со мандат во траење од 4 (четири) години.

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува од неговото конституирање.
Конститутивна седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател претседава најстариот член.

Член 11

Управниот одбор го свикува и со неговата работа раководи претседателот на Управниот одбор, кој го избираат членовите од своите редови.

Претседателот на Управниот одбор се избира по пат на предлог на членовите со јавно гласање и мнозинство на гласови.

Претседателот на Управниот одбор именува свој заменик од редот на членовите на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор се грижи за извршувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор и врши други работи утврдени со овој Статут.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Во работата на Управниот одбор учествува и директорот на установата, без право на одлучување.

Членовите на Управниот одбор имаат право на месечен надоместок во висина од 1.000,00 денари.

Член 12

Мандатот на член на Управниот одбор може да престане и пред истекот на мандатот:

- по негово барање
- со престанување на работниот однос на стручниот работник во Установата
- со отповикување.

Член 13

Управниот одбор ги врши следните работи:

- го донесува Статутот
- донесува акт за внатрешна организација за работата на установата и акт за систематизација на работните места
- донесува годишна програма за работа и го следи нејзиното извршување
- го усвојува извештајот за работа
- го утврдува финансискиот план и ја усвојува годишната сметка
- предлага на основачот - Владата на Република Северна Македонија измена или проширување на дејноста,
- распишува јавен конкурс за избор на директор, кој е должен да го распише 3месеци пред истекот на мандатот на директорот
- ги донесува општите акти на Установата
- врши и други работи утврдени со Законот за социјална заштита

4.2 Орган на раководење

Член 14

Орган на раководење во Установата е Директорот.

Директорот ја застапува и претставува Установата.

Во случај на отсутност на Директорот, Установата ја застапува односно претставува лице што тој ќе го овласти.

Член 15

За Директор на Установата се избира лице кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- со правосилна ипресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има високо образование (Правник, Психолог, Социјален работник, Педагог, Дефектолог)
- најмалку пет години работно искуство по дипломирањето,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазиик не постар од пет години :
  - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
  - ИЕЛТС(IELTS) – најмалку 6 бода,
  - ИЕЛЕЦ (ИЛЕЦ) – најмалку Б2 ниво
  - ФЦЕ(FCE) (Cambrige English First) - положен,
  - БУЛАТС(BULATS) – најмалку 60 бода,или
  - АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2),

Директорот на јавна установа го избира и разрешува Министерот.

Директорот како застапник е овластен во име на Установата да склучува договори и да врши други правни дејствија, како и да ја застапува Установата пред Судови и други Органи, Организации и Институции.

Во рамките на своите надлежности Директорот може да овласти друго лице за превземање одредени правни дејствија, односно за склучување на поединечно определени договори и за превземање на други поединечни дејствија.

Член 16

Овластувањата на Директорот утврдени со овој Статут се запишуваат во Централен регистар.

Член 17

Директорот се избира на јавен оглас.

Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години со можност повторно да биде избран.

Член 18

Јавниот оглас за избор на Директор на Установата го распишува Управниот одбор, најмалку три месеци пред истекот на мандатот.

Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Против Решението во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на известувањето за

избор на директор, може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

По завршувањето на јавниот оглас Управниот одбор ја доставува целокупната документација до Министерот за труд и социјална политика.

Директорот на Установата го избира и разрешува Министерот за труд и социјална политика.

Член 19

Ако навреме не се избере Директор на установата, со установата ќе раководи вршител на должноста Директор за најмногу шест месеци, со можност за продолжување за уште шест месеци, а назначен од Министерот за труд и социјална политика.

Вршителот на должноста директор треба да ги исполни истите услови како за избор на директор.

Член 20

Директорот на Установата ги има следните права и должности:

-ја застапува и претставува Установата и е одговорен за законитоста во работењето

- непосредно раководи со работењето на Установата и се грижи за нејзиноунапредување
- ја организира работата во Установата
- одговорен е за законитоста при работењето,
- ја предлага годишната програма за работа и превзема мерки за нејзино спроведување
- ги извршува одлуките на Управниот одбор и правосилните судски одлуки
- непосредно раководи со стручната работа и се грижи за нејзино унапредување,
- поднесува годишен Извештај за работа и за материјално-финансиското работење до Управниот одбор и до Министерот за труд и социјална политика,
- донесува одлука за избор на работник
- врши распоредување на работниците
- одлучува за годишни одмори, платени и неплатени отсуства на работниците
- покренува одговорност за материјална штета
- по потреба формира комисии за обавување на работи од делокругот на неговото работење,
- донесува решение за престанок на работен однос на работникот,
- предлага општи акти на Управниот одбор,
- одлучува по жалби и приговори поднесени од вработените во установата во врск соствaрување на правата и обврските од работен однос на работникот, како првостепен орган,
- врши и други работи во согласност со Закон, Статутот и другите општи акти.

Член 21

Директорот на Установата може да биде разрешен пред истекот на мандатот:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи престанува работниот однос по сила на Законот
- ако не постапува според прописите и општите акти на Установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив
- ако не достави годишен извештај од член 20 алинеја 8 од овој статут и член 188 став 5 од Законот за социјална заштита, односно ако извештајот биде негативно оценет.
- ако не постапува по задолжителните писмени инструкции донесени од Министерот со цел унапредување и усовршување на работата,
- ако со својата несовесна и незаконска работа и предизвика на Установата значителна

штета или ако ги занемарува или намерно не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат тешки нарушувања во извршувањето на дејноста на Установата.

-ако по инспекцискиот надзор не ги отстрани констатираните недостатоци и неправилности во рокот определен со решението.

Ако Директорот е разрешен врз основа на постапувањата наведени во став 1 алинеи 3, 4, 5 и 6 на овој член, на Директорот му престанува работниот однос.

4.3. Орган за внатрешна контрола

член 22

За вршење на внатрешна контрола на работењето на Установата се формира Орган за надзор. Органот за надзор го сочинуваат 3 (три) члена кој ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За членови на Органот за надзор можат да се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во Установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуства особено од областа на дејноста што ја врши Установата.

Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи претседателот,кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

Органот за надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Членовите на Органот за надзор имаат право на месечен надоместок во висина од 1.000,00 денари.

член 23

Член на Органот за надзор не може да има лично или преку трети лица или по која било основа интерес во Установата кои можат да имаат било какво влијание на најавената независност и непристрасност во надзорот.

Секој член на Органот за надзор и Директорот на Установата се должни да го предупредат основачот на постоење на вкаов интерес кај членот на Органот за надзор.

член 24

Внатрешната контрола, Органот за надзор ја врши со прегледување и оценување на материјално финансиско работење, особено на завршните сметки, јавните набавки, финансиските извештаи и воопшто наменското и економично користење на финансиските средства и за наодите доставува извештај до Основачот, до Министерството за труд и социјална политика, до Управниот одбор и до Директорот на Установата.

член 25

Органот за надзор работат на седница.

Седниците на Органот ги свикува и со нив раководи Претседател, кој го избираат членовите од своите редови, на првата седница која се одржува во рок од 15 дена од денот на именувањето на членовите.

За работите од својата надлженост, Органот за надзор одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

член 26

Органот за надзор се состанува најмалку четири пати во една календарска година.

член 27

Заради вршење на работите на контрола, Органот за надзор може да врши проверка на лице место на сите документи и списи на Установата, за што може да задолжи свој член и да повика

стручни лица, кои ќе му помагаат во спроведувањето на надзорот.

член 28

Органот за надзор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на Установата,и по прегледувањето му дава мислење на Управниот Одбор.
Извештајот за прегледот на годишната сметка и извештајот за работењето на Установата, како и останатите извештаи што произлегуваат од извршните контроли, со свое мислење,Органот за надзор му го доставува на Министерот за труд и социјална политика.

член 29

Мандатот на членовите на Органот за надзор изнесува 4 (четири години).
Мандатот на член на Органот за надзор може да престане и пред истекот на мандатот:
- по негово барање
- ако работи спротивно од закон,Статут и други акти на Установата
- ако престане да постои основачот и Установата
- други случаи утврдени со Закон.

Иницијатива за разрешување до основачот поднесува Органот за надзор.

5.ОПШТИ АКТИ НА УСТАНОВАТА

Член 30

Статутот на Установата е основен општ акт, врз основа на кој се донесуваат останатите општи акти на установата.

Член

Покрај Статутот, Установата ги има и следните општи акти:

- Правилник за внатрешна организација
- Правилник за систематизација на работните места и

Согласно потребата Установата може да донесе и други општи акти
Сите општи акти од ставот 1 на овој член мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, позитивните законски прописи и одредбите од овој Статут.

Член

Статутот и другите општи акти на Установата ги донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
За изготвување на Статутот и други општи акти директорот може да формира комисија.
Иницијатива за донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти на Установата може да поднесат:

- Директорот,
- член на Управен одбор,
- раководители на службите,
- синдикатот

6.ИНФОРМИРАЊЕ

Член 33

За работата на Установата вработените информираат преку огласна табла.
Информирањето го врши Директорот пред Управниот одбор преку: одлуки, решенија,

извештаи и информации.

Член 34

Информирањето на јавноста за работата на Установата се врши преку средствата за јавно информирање и преку доставување на информации, извештаи и обраќања, како и непосредно по барање на заинтересеирани лица, согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 35

За вистинитоста на информациите одговорен е Органот кој ја дава информацијата.

7. КРИЗНА СОСТОЈБА

Член 36

Во услови на кризна состојба Установата продолжува со остварување на редовната дејност, поради што во рамките на своето работење во согласност со Законот за управување со кризи и Законот за заштита и спасување и други прописи спроведува подготовки, изработува документите за работа во кризна состојба.

За спроведување на подготовките и за изработката на документите за работа во кризна состојба надлежен е Директорот на Установата.

Член 37

Установата во услови на кризна состојба превзема мерки за заштита и спасување на работниците, корисниците на услугите кои ќе се најдат кај нив, средствата за работа, документацијата и архивската граѓа.

Заради заштита на тајноста на податоците или информациите од областа на заштитата и спасување,установата превзема посебни мерки за нивна заштита.

8. СЛУЖБЕНА ТАЈНА

Член 38

Заради заштита на интересите на установата и пошироката заедница, во установата се превземаат мерки за чување, користење и соопштување на податоци и информации кои се сметаат за професионална и службена тајна.

Член 39

За службена тајна се сметаат оние исправи и документи кои настануваат во вршење на дејноста на Установата, а чие изнесување во јавност или соопштување на неовластени лица заради нивната природа или значење би можеле да предизвикаат штета на Установата или на корисниците на услугите, или на трети лица.

Член 40

Податоците и документите што претставуваат службена тајна се заведуваат во посебен дневен протокол и како такви се активираат.

Член 41

Сите податоци и документи со ознака "доверливо" или "строго доверливо" се чуваат како службена тајна од сите вработени.

Член 42

Во вршење на дејноста на Установата секој вработен има обврска да ја чува професионалната и службената тајна под услови утврдени со закон.

Член 43

Обврската за чување на службена тајна трае и по престанокот на работниот однос.

Податоци и документи кои претставуваат службена тајна, со согласност на Директорот, можат да бидат достапни на овластени лица, органи или институции.

Член 44

Покрај податоците кои врз основа на Закон претставуваат службена тајна, за службена тајна се смета постапката во остварување право од социјална заштита, семејно-правната заштита и надлежноста утврдена со кривично-правните прописи, како и фактите утврдени во овие постапки кои можат да им наштетат на угледот, достоинството и интересите на граѓанинот и неговото семејство.

9.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат на ист начин како и неговото донесување.

Член 46

Општите акти на Установата ќе се усогласат со овој Статут во рок од 4 месеци од денот на влегувањето во сила на Статутот.

До донесување на општите акти, во случај кога одредбите на постојните општи акти се спротивни на Законот, непосредно ќе се применуваат позитивните прописи.

Член 47

Со денот на влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статут на Јавната Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение со бр. 01-1075/1 од 30.04.2018 година.

Член 48

Овој Статут влегува во сила следниот ден од денот на добивање на согласност од Министерот за труд и социјална политика, а ќе се објави на огласна табла во Установата

Бр._____

_____ **година**

Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение Република Македонија Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
УПРАВЕН ОДБОР